# Извештај од спроведена самоевалуација на училиштето ООУ„КОЧО РАЦИН“ во ПРИЛЕП за период 2021 до 2023 г



Датум,февруари-август 2023г

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## за работата и постигањата на ООУ„Кочо Рацин“, Прилеп

| ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2021 – 2023 година |
| Вид на училиште | Основно општинско училиште |
| Основач на училиштето | Општина Прилеп |
| Наставен јазик | Македонски јазик |
| Претстадател на Училишен одбор | Александар Десоски<br>____________________________________ |
| Директор на училиштето | Јулијана Тренкоска<br>(мп)<br>________________________ датум, |
| Адреса на училиштето | Ул. „Борка Талески“ бр.64, Прилеп |
| Телефон | 048 425 772 |
| Електронска пошта | ou-kochoracin-prilep@schools.mk |
| Веб страна на училиштето | http://kocoracinprilep.edu.com |
| Facebook | https://www.facebook.com/ООУ„КочоРацин“- Прилеп |

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4 и 5, од Законот за основно образование(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/2) и донесената Одлука од страна на Училишниот одбор при ООУ„Кочо Рацин“, Прилеп **бр.02-222/3 на 11.08.2022г** ја формира училишната Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Кочо Рацин“, за учебните 2021/22 и 2022/23 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Врз основа на тоа изготвен е извештај за извршената самоевалуација, од кој треба да произлезат предлог мерки за подобрување на работата на училиштето .

## Комисија за самоевалуација

| Име и презиме | |
|---|---|
| 1.Стручен соработник-педагог | Елизабета Велеска |
| 2.Наставник-ментор | Вера Цветкоска |
| 3. Наставник- предметна настава | Јованка Вељаноска |
| 4. Наставник- наставник одделенска настава | Горан Аврамоски |
| 5. Родител | Александар Десоски |

**Комисијата**:

- ги даде работните задолженија за процесот на самоевалуација на Тимовите за самоевалуација;
- изработи, спроведе и анализира прашалници за ученици, родители и наставници, а резултатите ги испрати до тимовите;
- спроведе анализа на работата на училиштето, анализа на јаките и слабите страни;
- наодите од самоевалуацијата и препораките од тимовите ги вклопи во еден документ: **Самоевалуација на работата на училиштето за учебните: 2021/2022 и 2022/2023 година**;
- изработи извештај за процесот на самоевалуација и истиот го достави до директорот на училиштето, Училишниот одбор, и Советот на општина Прилеп;

Предмет на самоевалуација се седум подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. На наставничкиот совет при ООУ „Кочо Рацин“ — Прилеп одржан на ден: **29.06.2022** година се донесе одлуки за формирање на тимови за самоевалуација на работата во учебните 2021/2022 и 2022/2023 година со бр. **02-191/3.**

**Тимови за спроведување на самоевалуација по подрачја**

| 1 . Подрачје:Наставни планови и програми | | 2 . Подрачје:Постигања на учениците | | 3. Подрачје: Учење и настава | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Марија Јаков** | 1 | **Елизабета Велеска** | 1 | **Јованка Велјаноска** |
| 2 | Благојче Ристески | 2 | Катерина Слабакоска | 2 | Робертино Илиоски |
| 3 | Валентина Ристеска | 3 | Светлана Стојаноска | 3 | Снежана Јанеска |
| 4 | Горан Аврамоски | 4 | Живка Каралиоска | 4 | Весна Мегленска |

| 4 . Подрачје:Поддршка на учениците | | 5 .Подрачје: Училишна клима | | 6.Подрачје: Ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Кристина Темелкоска** | 1 | **Елена Апостолоска** | 1 | **Анета Станкоска** |
| 2 | Митра Ѓорѓиоска | 2 | Пеша Крстеска | 2 | Валентина Ристеска |
| 3 | Маја Ристеска | 3 | Викторија Спиркоски | 3 | Белинда Ристеска |
| 4 | Виктор Здравески | 4 | Соња Пирганоска | 4 | Бошко Тодорчески |

| 7.Подрачје:Управување, раководење и креирање политика | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Цветанка Караѓулеска | 3 | Виолета Спиркоска |
| 2 | Мартина Ристеска | 4 | Весна Милошоска |

Во секое подрачје групата работеше според индикаторите кои го мерат квалитетот на работата на училиштето. Тимовите ги разгледаа индикаторите за квалитет(**Индикатори за квалитет на работата на училиштата, ДПИ, Скопје, 2019г**), потребната училишна документација, спроведените прашалници, разговараа дополнително со соодветните лица и добиените податоци потоа ги внесоа во обрасците за самоевалуација согласно нивоата на индикаторите за квалитет. Добиените податоци Тимовите ги испратија до Комисијата за самоевалуација која според нив изработи Нацрт Извештај за спроведената самоевалуација во училиштето. Нацрт Извешајот ќе биде доставен на разгледување до директорот на училиштето, Наставничкиот совет,Училишниот одбор кои можат да дадат забелешки во писмена форма, по што се подготвува извештај за самоеваулацијата. Извештајот од самоевалуацијата се доставува и се објавува на веб страната на основачот.

Самоевалуацијата се спроведе во периодот **февруари - август, 2023 година**.

# ЦЕЛИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување
- Модификација, усовршување, унапредување на практиката.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето
- Создавање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Евалуацијата претставува основа за интервенција, акција – акционен план и програма за развој
- Сознанијата до кои се доаѓа со евалуацијата имаат улога на коректор на планирањето и реализацијата напонатамошните активности
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители,локалната и деловната заедница.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупнатаобразовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитнообразовниот процес во училиштето.

## Очекувани резултати

• Реализацијата на самоевалуацијата секогаш ќе резултира со спојување на индикаторите од сопствената проценка на квалитетот, со потребата за унапредувања на квалитетот на наставата на ниво на училиштето;
• Самоевалуацијата ја поттикнува меѓуколегијалната педагошко-психолошка расправа за важноста во подобрувањето на воспитно-образовниот квалитет во поучувањето;
• Податоците ќе му помогнат на училиштето да изврши самоанализа на сопственото делување, а со тоа ја проценува сопствената предност пред другите или недостатоците за усогласување и градење на тимската работа во наставниот процес;
• Самоевалуацијата ја поттикнува мотивацијата и кај наставниците и кај учениците.

# Кој ќе има полза од самоевалуацијата?

**Учениците** ќе имаат квалитетна настава, ќе имаат квалитетна комуникација и подобра мотивација во наставниот процес;

**Наставниците** организирано ја зголемуваат и унапредуваат методско-дидактичката автономија на професионален план при усовршување на наставниот процес, ги развиваат можностите за поттикнување на квалитет во сопственото работење и поучување воучилиштето;

**Училиштето** од севкупното препознавање на компонентите во системот на доживотното учење, самостојно ги разграничува и класификува позитивните и негативните страни. Од добиената анализа го креира и унапредува сопствениот развој на квалитетот на наставниот процес;

**Поширокатa општествена заедница** има придобивки од квалитетното образование во училиштето. Подигнато е нивото на квалитетот на знаења и способности на корисниците на услугите од страна на локалниот бизнис сектор, услужните дејности и другите организации и поединци. Општествената средина ги поттикнува и мотивира младите за стекнување на знаења, вештини и способности во наставата и учењето.

Самоевалуацијата во системот на доживотното учење е емотивен генератор на индивидуалната и колективната свест за промена на самите себеси, за унапредување на наставната работа во доближување кон потребите на нашите ученици.

# Системот на евалуацијата е изграден со почитување на следните <u>принципи</u>:

**Релевантност** — предмет на евалуацијата се најбитните подрачја и аспекти на образовниот процес, значајни од аспект на јавно прифатени образовни стандарди и преточени во операционализирани и препознатливи индикатори за квалитет.

**Корисност** —  суштината на евалуацијата е корисна, од неа произлегуваат информации кои помагаат во планирањето на корективни, иновативни и други акции кои се во функција на унапредување и задржување на квалитетот на наставата, учењето и резултатите на учењето.

**Валидност –** евалуацијата обезбедува сознанија за она што се однесува на објективен, доверлив, јасен и употреблив начин**.**

**Транспарентност –** содржи програми, нивоа на програмски барања, образовни стандарди и критериуми за вреднување, оценки кои треба да бидат јасни и познати како на евалуаторот, така и на оној чија работа се евалуира и на сите останати заинтересирани актери во образовниот процес.

**Професионалност –** организационите, методичките и техничките аспекти на евалуацијата се на ниво на современи професионални стандарди, а тоа подразбира дополнително оспособување за планирање и реализирање на евалуација и самоевалуација.

**Етичност-**почитување на личниот интегритетна секој од актерите чија работа е предмет на евалуација, коректни односи, доверливост на податоци, заштита на човековите праваи правата на децата.

**Автономност-**сите инволвирани во процесот на евалуација треба слободно без никакви притисоци да носат одлуки релевантни за планирање и употреба на резултати.

**Приоритететите добиени од самоевалуацијата ќе влезат во Годишните програми за работа на училиштето.**

| **Фази на спроведување на самоевалуација** | | |
|---|---|---|
| **1.Подготвителна фаза**<br>•Се формираше Комисија на ниво на училиште од наставници, стручни соработници и член од совет на родители<br>•Формирање на работни групи/тимови за секое од седумте подрачја<br>•Определување на методи, техники и инструменти за самоевалуација<br>•Прибирање и групирање податоците за самоевалуација<br>• Прибавување на документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата во училиштето | **2.Фаза на реализација**<br>• Анализа на податоците и документацијата<br>• Усогласување на добиени наоди<br>• Подготовка на поединечни извештаи за самоевалвација за секој од 7 те подрачја<br>• Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалвација | **3.Фаза на известување и усвојување**<br>Обезбедување достапност на нацрт извешајот на:<br>- Директор на училиште<br>- Наставнички совет<br>- Совет на родители<br>- Училишен одбор<br>- учениците<br>- Општина Прилеп<br>- веб страница на училиштето |

## С О Д Р Ж И Н А

Училишна комисија за самоевалуација ........................................................................ 3
Извештај со резиме од спроведена самоевалуација ........................................................................ 10
Подрачје 1: Наставни планови и програми ........................................................................ 11
Подрачје 2: Постигнувања на учениците ........................................................................ 13
Подрачје 3: Учење и настава ........................................................................ 15
Подрачје 4: Поддршка на учениците ........................................................................ 18
Подрачје 5: Училишна клима ........................................................................ 21
Подрачје 6: Ресурси ........................................................................ 24
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика ........................................................................ 26

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4 и 5, од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/2), Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Кочо Рацин“, за периодот од 2021 година до 2023 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, СЕУ тимовите остварија средби и разговори со вработените во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, директорот, стручните соработници и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе Извештајот.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и од Проектот за модернизација на образованието, Извештајот од последната интегрална евалуација од страна на ДПИ и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ (2019).

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно развиваат.

Оваа евалуација претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето:

Подрачје 1: Наставни планови и програми  
Подрачје 2: Постигнување на учениците  
Подрачје 3:  Учење и настава  
Подрачје 4: Поддршка на учениците  
Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето  
Подрачје 6: Ресурси  
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на две нивоа (многу добро,делумно задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **1.1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување на индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>.• Реализација на проширени програми |
| **1.2. КВАЛИТЕТ НА НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** | • Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>•Влијание на  наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| **1.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности<br>• Опфатност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>•Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

**Клучни јаки страни**

- Планирањата на наставниците ги содржат сите потребни елементи за реализирање на наставните содржини согласно наставните планови и програми;
- Во училиштето има утврдена и пропишана процедура за следење на планирањата;
- Успешно спроведени активности од постоеките проекти: Имплементација на Конвенцијата за правата на децата, Отворен ден на демократија и Еразмус +;
- **Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни** активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции;
- Учество на учениците на локални, регионални и државни натпревари и други манифестации и покрај вонредните услови за работа во услови на Корона пандемијата;
- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП;
- Училиштето има разработени начини преку кои ги информира родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите наНПП;
- Во училиштето вработен специјален едукатор и рехабилитатор со што е целосно комплетиран Инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби кој им дава поддршка на наставниците за изработка на ИОП;
- Во училиштето работат пет образовни асистенти кои им даваат индивидуална поддршка на децата со ПП, еден ученик има онлајн туторска поддршка;

Учество на училиштето во активности на локалната самоуправа.**лучни јаки страни**

**Слабости**

- Училиштето ретко покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми,иновирање на постојните врз основа на барања на родители, наставници и согледување потреби од ЛС до МОН, БРО и ЦСОО
- Недоволна информираност на родителите за МИО активностите и нивно поактивно вклучување
- Недоволна вклученост на родителите на децата со посебни образовни потреби во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП) со што се обезбедува нивна целосна информираност.
- Недоволно вклучување на учениците во планирањата и во избор на содржини за воннаставните активности

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Училиштето да се вклучува во  покренување иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми,иновирање на постојните  врз основа на барања на родители, наставници и согледување потреби од ЛС до МОН, БРО и ЦСОО
- Поголема информираност на родителите за МИО активностите и нивно поактивно вклучување
- Поголема  вклученост на родителите на децата со посебни образовни потреби  во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП) со што се обезбедува нивна целосна информираност.
- Вклучување на учениците во планирањата и во  избор на содржини за  воннаставните активност

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **2.1. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазикот на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигањата на учениците<br>• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење<br>• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| **2.2. ЗАДРЖУВАЊЕ/ОСИПУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИте** | • Опфат на ученици<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3.ПОВТОРУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Ученици што не ја завршуваат годината /образованието |
| | |

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>• Училиштето има инструменти со кои ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди  и превзема конкретни активности за нивно подобрување .<br>• Се реализира дополнителна и додатна настава, што им помага на учениците во надминување на потешкотиите во учењето, односно во надополнување на нивните знаења.<br>• Вработен е специјален едукатор и рехабилитатор и обезбедени се  образовни асистенти за поголем број од учениците со пречки во развојот.<br>• Голем број ученици се вклучени во воннаставните активности во училиштето, како и во голем број натпревари на кои постигнуваат високи резултати.<br>• Се подобруваат интеркултурните компетенции кај учениците.<br>    ○ Постигнувањата на учениците во рамките на училиштето се следат, соодветно се вреднуваат и се превземаат активности да се спречат негативните трендови во постигањата. |
| **Слабости:**<br><br>• Се намалува бројот на ученици во училиштето.<br>• Потешкотии во обезбедување термини  за реализација на дополнителна и додатна настава.<br>• Помалку се работи со надарени ученици.<br>Намалување на мотивацијата на учениците за подобрување на постигањата. |
| **Идни активности:**<br>**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**<br>• Организирање на работилници, советодавни разговори за ученици и родители за подигнување на свеста за значењето на учењето и знаењето;<br>• Поголема ефективност во распоредот на часови за дополнителна и додатна настава за да се опфатат сите ученици со  кои треба повеќе да се работи;<br>• Работа со надарени и  талентирани ученици. |

## Подрачје 3: Учење и настава

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **3.1. Планирања на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| **3.2. Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Употреба на ИКТ во наставата<br>• Избор на задачи,активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| **3.3 Искуства на учениците од учењето** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе |
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5. Оценувањето, како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

**Јаки страни**

- Целосна и доследна примена на наставните планови и програми одобрени од МОН
- Во училиштето се следи планирањето и  реализација на наставата
- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП
- Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ
- Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите
- Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со ученците
- Во наставата  се користат разновидни наставни форми, методи, техники и активности
- Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите
- Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен
- Наставничкиот кадар и стручната служба систематски ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето
- Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени
- Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.
- Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мисле њето на другите
- Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.
- Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет,вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето
- Добар интерперсонален однос наставник –ученик.

**Слаби страни**

- Поголем број  наставници да користат разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење
- Најмалку двапати во едно полугодие да се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба.

- Наставничкиот кадар треба да ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.
- Да се развива практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од училиштето.
- Најголем број од наставниците наставата да ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици да се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.
- Приодите во оценувањето треба да им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.
- Наставниците целосно треба да ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.
- Од родителите потребно е да се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.
- Добар дел од наставниците во наставата планираат и реализираат задачи и активности по тежинско ниво, користејќи повремено индивидуален пристап со што излегуваат во пресрет на образовните потреби на учениците.
- Сите наставници со учениците треба да се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.
- За време на часот најголем број наставници да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат пра шања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.
- Поголем број на училници со функционално мрежно поврзани компјутери
- Потребна е и обука за нови образовни технологии кои ќе ги применуваат во наставата
- Потребна поголема вклученост на учениците да иницираат активности и превземаат различни одговорности во училиштето
- Поголемо вклучување на учениците во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.)

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Поголем број наставници да користат разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.
- Најмалку двапати во едно полугодие да се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба.
- Поголем број на училници со функционално мрежно поврзани компјутери
- Потребна е и обука за нови образовни технологии кои ќе се применуваат во наставата.
- Да се развива практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од училиштето.

- Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) треба да е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците.
- Приодите во оценувањето треба да им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.
- Наставниците целосно треба да ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.
- Наставничкиот кадар треба да ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.
- Од родителите потребно е да се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.
- Добар дел од наставниците во наставата планираат и реализираат задачи и активности по тежинско ниво, користејќи повремено индивидуален пристап со што излегуваат во пресрет на образовните потреби на учениците.
- Сите наставници со учениците треба дасе однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитувње, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.
- За време на часот најголем број наставници да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.
- Потребна поголема вклученост на учениците да иницираат активности и превземаат различни одговорности во училиштето
- Поголемо вклучување на учениците во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.)

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **4.1. СЕВКУПНА ГРИЖА НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алхохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2. ЗДРАВЈЕ** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми |

| | |
|---|---|
| **4.3. СОВЕТОДАВНА ПОМОШ ЗА ПОНАТАМОШНО ОБРАЗОВАНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** | • Давање помош при избор на занимањето / институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| **4.4. СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците |

**Клучни јаки страни**

- Училишната средина е безбедна и секој ученик во неа е сигурен и безбеден.
- Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето.
- Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дво- рот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.
- Училиштето презема мерки и активности за превенција од насилство и девијантни појави во училиштето.
- Училиштето има програми за справување со  сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство и сексуално вознемирување.  Програмите доследно се реализираат.
- Училиштето има политика за забрана за: пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции.
- Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето соработува со родителите и со ресурсните центри и развива механизми за поттикнување на соучениците за водење грижа за овие ученици.
- Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава кои се спроведуваат во практиката.
- Училиштето ги евидентира и води грижа за учениците од социјално загрозените семејства.
- Стручните соработници  водат евиденција за ученици со здравствени и  со емоционални проблеми  и превземаат  мерки за надминување на констатирани состојби.
- Училиштето има пропишани процедури и организира активностиза професионална ориентација на учениците.
- Наставниците водат целосна и уредна евиденција на постигањата, редовноста и поведението на сите ученици за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците, кои се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**Слабости**

- Пристапот во училиштето на учениците со телесни пречки во развојот е достапен само во училниците и тоалетите на приземје , тоалетите не се приспособени за истите.

- Инвентарот во училниците не е соодветен на потребите на учениците со ПОП.
- **Потребно и**зведување на пробна симулација за постапување во случај на елементарни непогоди во соработка со ЦУК.
- И покрај преземените мерки за хигиена во училиштето, потребно дополнително ангажирање за подобрување на хигиена во тоалетите и соблекувалните.
- Потребни дополнителни активности за превенција од меѓуврсничко насилство.
- Во училиштето нема процедури за забрана за пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци за регистрирање на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.
- Според анализите од анкетите (наставници, ученици и родители) училиштето треба повеќе да се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците.
- Според анализите на анкетите(наставници, ученици и родители) хигиената во училиштето потребно е да се подобрува.
- Во училиштето треба да се води кампања за здрава исхрана.
- Училиштето треба да има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците  поради социјалната загрозеност на нивните семејства.
- Училиштето да работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Потребен инвентар во училниците соодветен на потребите на учениците со ПОП.
- И покрај преземените мерки за хигиена во училиштето, потребно дополнително ангажирање за подобрување на хигиена во тоалетите.
- Потребни дополнителни активности за превенција од меѓуврсничко насилство.
- Изготвување на процедури за забрана за: пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци за регистрирање на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.
- Училиштето да  има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно треба да изведува симулација.
- Во училиштето треба да се води кампања за здрава исхрана и повеќе да се грижи за храната што им ја нуди на учениците.
- Училиштето треба да има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците поради социјалната загрозеност на нивните семејства.
- Училиштето да работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби.
  - Подобрување на пристапот во училиштето на учениците со телесни пречки во развојот (пристапност до погорните катови и прилагодување на тоалетите).

## Подрачје 5: Училишна клима

| Индикатори за квалитет<br>Оддели во рамките на подрачјето: | Т е м и: |
|---|---|
| **5.1 УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | • Углед/имиџ на училиштето<br>• Кодекс на однесување<br>• Училишна клима<br>• Поведение и дисциплина во училиштето<br>• Учество на учениците во   донесувањето одлуки и решавањето проблеми |
| **5.2 ПРОМИВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА** | • Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
| **5.3 ЕДНАКВОСТ И ПРАВИЧНОСТ** | • Познавање на правата на децата<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4 ПАРТНЕРСКИ ОДНОС СОРОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и  со граѓанскот сектор |

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето е препознатливо според  постигањата на учениците во различни области.
- Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците во училишниот живот.
- Училиштето има кодекс на однесување и екокодекс во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури
- Учениците учат како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата
- Вработените се пример за учениците, авторитетно, но со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста
- Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето
- Училиштето води политика на поттикнување на кадарот и на учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на

локално, регионално, државно и меѓународно ниво
- Информира за реализирани активности, манифестации и успеси на учениците и училиштето преку објава на веб и facebook страната на училиштето
- Континуирано информира и ги промовира  реализираните еколошки активности
- Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
- Го прифаќа и промовира мултикултурализмот и во таа насока се воспитуваaат и образуваат учениците
- Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства
- Односот помеѓу наставниците и наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување
- Училиштето е отворено за соработка со родителите
- Училиштето  е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата
- Заедницата се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето
- Училиштето остварува соработка  со деловната заедница

**Слабости:**
- Училиштето треба да  има пишани **процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите** и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.
- Недоволна вклученост н а учениците, членови на училишната заедница на наставнички совет, совети на паралелки и УО.
- Ученичката заедница недоволно  учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.
- Подобрување во континуитет на системот на наградување на ученциите кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето
- Недоволно  организирање работилници со родителите за  запознавање со правата на децата
- Недоволно организирање работилници за учениците  да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација
- Недоволно промовирање на  волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата.
- Недоволна вклученост на волонтери од заедницата во наставни и воннаставни активности
- Недоволно поттикнување на родителите за активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.
- Слаба соработка со деловната заедница за спроведување заеднички проекти.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Училиштето треба да има **пишани процедури за реагирање во случај на прекршување** на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.
- Учениците, членови на училишната заедница треба почесто да се поканууваат на наставнички совет, совети на паралелки и УО.
- Ученичката заедница треба повеќе да се вклучува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците.
- Подобрување во континуитет на системот на наградување на ученциите кои постигнале успех и за наставниците кои го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето
- Организирање работилници со родителите за запознавање со правата на децата.
- Учениците да се учат во континуитет како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Вклученост на волонтери од заедницата во наставни и вonнаставни активности
- Родителите да се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема или посети на работното место на родителот, како и во воннаставните активности.
    - Подобрување соработката со деловната заедница за спроведување заеднички проекти.

## Подрачје 6: Ресурси

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **6.1 СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2 НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР** | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар |
| **6.4 СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР** | • Професионален  и кариерен развој на наставниците |
| **6.5 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО** | • Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

**Клучни јаки страни:**

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот.
- Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училишната зграда и простор се пристапни.
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
- Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.
- Работното време во библиотеката е прилагодено на потребите на учениците од двете смени.
- Бројот на вработени во училиштето е според потребите.
- Распоредувањето на наставниот кадар секогаш се врши  според Нормативот и наставниот план и програма.
- Наставниците работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.
- Стручните соработници во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

- Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.
- Се води грижа за подобрување на инфраструктурата на училишните објекти.
- Се води грижа за набавка на наставни сретства.
- Се поддржуваат и следат развојните потреби на наставниците како дел од професионалниот развој.
- Навремено се ажурира професионалното досие на наставниците.
- Уредно се води грижа за финансиското работење на училиштето.

**Слабости**

- Училниците во двете згради ги исполнуваат условите за изведување на настава, освен две училници во подрумскиот дел на централното училиште кои не се согласно Нормативот за простор.
- Фискултурната сала и малата спортска сала не се според стандардите за простор и опрема (Нормативот од 2019 год). Подрачното нема спортски терен и има потреба од спортска сала и просторија за продолжен престој и просторија за индивидуална раб. со ученици и родители.
- Училиштето не располага со соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.
- За воннаставните активности училиштето нема посебни простории, така распоредот за нивно изведување се прилагодува меѓу двете смени.
- Училишната библиотека не располага со повеќе од пет книги по ученик (според Нормативот), вклучувајќи ги и лектирните изданија и се употребува системот на картотечно работење (потребна е електронски библиотечната евиденција според Нормативот) .
- Недоволен број на лектирни книги и друг вид на интересна литература.
- Поголема грижа за хигиената во тоалетите и соблекувалните.
- Потреба да развива внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.
- При креирање на финансискиот план треба да се зема предвид предлогот на ученичката заедница, но и да се предвидуваат финансиски средства за реализација на активности предвидени во програмата на ученичката заедница.
  - Предвидување на финанскиски средства за реализација на активностите предвидени во програмата на училишната заедница.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Обезбедување средства за менување на фасадата на училишната зграда
- Обезбедување средства за реконструкција на внатрешните скали
- Набавка на поголем број на лектирни книги и друга интересна литература-збогатување на библиотеката со соодветни нагледни

| |
|---|
| средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби<br>• Обезбедување средства за спортска сала според Нормативот во двете училишни згради за потребите на целото училиште како и продолжен престој во ПУ Рид<br>• Понатамошна демократизација на училишната заедница со вклучување на учениците и земање во предвид нивниот предлог за планот на финансиското работење<br>• Набавка на  соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.<br>• Прилагодување на распоредот за реализација на воннаставните активности.<br>• Поголема грижа за хигиената во тоалетите и соблекувалните**.**<br>• Потреба да  развива внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| **Индикатори за квалитет**<br>**Оддели во рамките на подрачјето:** | **Т е м и:** |
|---|---|
| **7.1 УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО** | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **7.2  КРЕИРАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ПОЛИТИКА** | • Јасност и соодветност на мисијата и визијата<br>• Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојното планирање |

**Клучни јаки страни:**

- Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловник за работа.
- УО во целост ги следи постапките и процедурите опишани во деловникот за работа (број на членови, начин на свикување на состаноците, начин на водење на состаноците, начин на одлучување, водење записници и документација за работата на УО)
- Донесените заклучоци  и одлуки на УО се транспарентни
- Усвојувањето на училишните документи е навремено, се усвојуваат и поднесуваат до соодветните институции, откако истите детално ќе се разгледаат и дискутира по нив
- Има конструктивен и партнерски однос помеѓу органите на управување и раководење
- Запазена е  законитоста на работењето  на раководниот орган

- Директорот научилиштето води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно-образовната работа во училиштето.
- Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми кои ги подобрува во континуитет
- Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството, недискриминација и младинското учество
- Училиштето има акциски планови за поставените цели кои се усогласени со образовните политики
- Училиштето го поддржува професионален развој на вработените
- Училиштето обезбедува финансиски средства согласно потребите на наставниците и унапредувањето на в.о .процес, а според програмата за професионален развој
- Училиштето ги детектира и планира потребите од осовременување на материјално-технички средства и инфраструктурата во училиштето .
- Училиштето обезбедува континуирано подобрување на условите за работа.

**Слабости:**

- Недоволно активно учество на УО во креирањето на училишни политики во кои се афирмира меѓуетничката интеграција во образованието
- Раководниот орган недоволно ја поттикнува тимската работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет
- Недоволна вклученост на родителите и учениците при креирањето на училишните политики.
- Недоволно обезбедување на средства од донатори за наменско инвестирање во однос на осовременување со материјално технички средства и подобрување на инфраструктурата.

**Идни активности:**

**Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

- Потребно е поактивно учество на УО во креирањето политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.
- Раководниот орган да ја поттикнува тимската работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет
- Поголема вклученост на родителите и учениците при креирањето на училишните политики.
- Зголемено обезбедување на средства од донатори за наменско инвестирање во однос на осовременување со материјално технички средства и подобрување на инфраструктурата.

Во поглед на материјално-техничките услови при **изработката на финансовиот план** да се предвидат најголем дел од средствата од

| |
|---|
| ставката за наставни средства и помагала за компјутери/таблети, спортска опрема/и реквизити и сл. Одржување на пракса активите да поднесуваат извештај за потребни наставни и нагледни средства и материјали пред почетокот на секое полугодие и обезбедување на истите според финансиските можности на училиштето. |

Резултатите од Самоевалуацијата за периодот 2021-2023година со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа, комисијата ги доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.
Извештајот ќе се објави на интернет страната на училиштето и на општината.
Исто така извештајот со резултатите од Самоевалуацијата на училиштето во електронска форма го доставува до ДИЦ во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

## **Комисија за самоевалуација**

| Име и презиме | |
|---|---|
| 1.Стручен соработник-педагог | Елизабета Велеска |
| 2.Наставник-ментор | Вера Цветкоска |
| 3. Наставник- предметна настава | Јованка Велјаноска |
| 4. Наставник- наставник одделенска настава | Горан Аврамоски |
| 5. Родител | Александар Десоски |

Датум: МП

_____________

Потпис
на директор на ООУ„Кочо Рацин“

__________________

Јулијана Тренкоска

Потпис
на претседател на Училишен одбор

______________________

Александар Десоски